Уп. Бр.08-164/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од КВАНТОКС ТЕХНОЛОЏИ ДОО ЧАЧАК (QUANTOX TECHNOLOGY DOO ČAČAK), со регистрирано седиште на ул.Епископа Никифора Максимовиќа бр.31, Чачак, Република Србија, преку полномошник Весна Гаврилоска, адвокат од Адвокатско друштво Чакмакова адвокати од Скопје, на седницата одржана на ден ...12.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која КВАНТОКС ТЕХНОЛОЏИ ДОО ЧАЧАК (QUANTOX TECHNOLOGY DOO ČAČAK), со регистрирано седиште на ул.Епископа Никифора Максимовиќа бр.31, Чачак, Република Србија ќе стекне целосна директна контрола над Друштво за услуги КВАНТОКС ТЕХНОЛОЏИ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Петар ПопАрсов бр.8-001 кат 01/1, Скопје – Центар, Република Северна Македонија преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 10.11.2023 година, а дополнето на 21.11.2023 годин до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од КВАНТОКС ТЕХНОЛОЏИ ДОО ЧАЧАК (QUANTOX TECHNOLOGY DOO ČAČAK), со регистрирано седиште на ул.Епископа Никифора Максимовиќа бр.31, Чачак, Република Србија со која КВАНТОКС ТЕХНОЛОЏИ ДОО ЧАЧАК ќе стекне контрола над Друштво за услуги КВАНТОКС ТЕХНОЛОЏИ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Петар ПопАрсов бр.8-001 кат 01/1, Скопје – Центар, Република Северна Македонија преку купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Деловните активности на КВАНТОКС ТЕХНОЛОЏИ ДОО ЧАЧАК се од сферата на информатичката технологија и вклучуваат дигитална продукција, сите аспекти на развивање на софтвер, QA & тестирање, услуги за апликација, и дизајн, проследено со управувани ИТ услуги и поддршка.

Деловните активности на КВАНТОКС ТЕХНОЛОЏИ ДООЕЛ Скопје се од сферата на информатичката технологија и вклучуваат компјутерско програмирање и развивање на софтвер и истото има продажби и остварува приходи само во странство.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**